„Кризите се различни, но лекциите што ги учиме од нив се слични“, рече во своето воведно обраќање Бранимир Јовановиќ од Виенскиот институт за меѓународни економски студии на денешниот (28 февруари 2022 година) Регионален форум насловен како „**Влијанието на Ковид-19 врз економијата, со посебен фокус на социјалната економија**“. Тој се осврна не само на кризата предизвикана од Ковид-19 туку и на таа во најава, **предизвикана од војната меѓу Русија и Украина**.
Според него, кризата во најава ќе влијае низ пет канали и тоа:
**зголемување на цените**
што веќе предизвикува инфлација која, според проценките на Виенскиот институт во Северна Македонија ќе изнесува
**просечно 5% на годишно ниво**
. Влијание ќе има и
**отсуството на директните инвестиции од Русија**
која, во регионот на Западен Балкан е четврти по големина инвеститор. Покрај тоа, се очекува
**побавен раст во ЕУ**
која пак е најголемиот трговски партнер на Западен Балкан и
**поголеми каматни стапки**
на меѓународните пазари.



„Една од лекциите која треба да се научи од искуството со Ковид-19 е дека **економската криза не може да се спречи**“
, вели Јовановиќ. Тој истакна дека е важно владите да преземат дејствија и дека оние земји кои во текот на пандемијата трошеле повеќе, полесно се опоравувале.
**Регулирањето на цените, особено на храната и енергенсите**
, според него е во ред. Иако пандемијата не правеше разлика меѓу богатите и сиромашните, иако личело дека сите се во иста бура, сепак, не сите имале исти бродови. Тој потенцираше дека
**пристапот до здравствени услуги за богатите бил полесен**
. Тој смета дека Владата треба да ја насочи
**помошта кон помалите компании**
кои имаат проблем да ја преживеат кризата, а не кон големите профитабилни бизниси. По оваа криза, не треба да се пропушти шансата и да не се направат потребните промени.

Даниела Зампини од Меѓународната организација на трудот истакна дека секоја препорака за политика мора да биде упатена не само до Владите туку и до организациите на работодавачи и синдикатите. Таа ја истакна трансформативната моќ на кризата и ниското ниво на социјална заштита. Според неа, на крстосницата на вработувањето и социјалната заштита треба да се бараат решенијата кои, ако ги нема, за неколку години ќе ги зголемат бројките на пасивно население. „Младите луѓе поминаа лошо во време на пандемијата“, рече Зампини, „не можеа да најдат вработување, останаа со родителите, знаењата и вештините што ги стекнале со текот на времето еродираат“, додаде таа.


Zoom Webinar
GRC MCMS
Aleksandar Krzhalovski (...
Branimir Jovanovic
Barbara Sadowska
Partners Albania-Reso...
Valentina Velickovska ...
View
Recording...
International Labour Organization
Zampini, Daniela
Participants (70)
Panelists (19)
Attendees (51)
Search
Afërdita Pustina
Agon
Aleksandar Stankovic Participant
Aleksandra Savevska
Alis Mustafa_PA
Lower All Hands
Chat
economy Mr, Bytyci, organizer and rest of participants. We had and excellent training few years earlier regarding IPA with Mr. Bytyci. To all interested for cooperation would like to use opportunity and post contact email: info@kosova.info
Who can see your messages? Recording On
To: Hosts and panelists
Type message here...
Leave


Recording...
View
GRC MCMS
Valentina Velickovska MCIC
Ariola Agolli, Partners Albania for ...
Anto Jankovic -...
Anto Jankovic - CEPS
- Finance Think
Participants
Q&A
Polls
Chat
Share Screen
Raise Hand
Pause/Stop Recording
English
Leave